OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Врз основа на член 38, став 1, точка 6 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, а врз основа на член 7 од Законот за хартии од вредност (Сл. Весник на РМ бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015 и 23/2016), Собранието на Охридска банка АД Скопје, со седиште на ул. Орце Николов бр. 54, Скопје , на седницата одржана на 25.12.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

## За зголемување на акционерски капитал со издавање на обични акции со право на глас од 12-та емисија по пат на приватна понуда на институционален инвеститор

1. Охридска банка АД Скопје (во натамошниот текст „Банката„) ќе изврши зголемување на акционерскиот капитал со издавање на 77.764 обични акции со право на глас, во вкупен номинален износ од 206.074.600,00 денари, за институционален инвеститор по пат на приватна понуда.

2. Издавањето на акциите ќе се врши по пат на приватна понуда.

3. Намената на емисијата е зголемување на акционерскиот капитал на Банката со нови уплати од страна на постоечкиот акционер „Сосиете Женерал„ СА (Societe Generale SA) од Париз Р.Франција, заради одржување на соодветно ниво на стапка на редовен основен капитал и стапка на основен капитал, како и заштитните слоеви на капиталот пропишани со Закон за банки и подзаконската регулатива.

4. Износот на ново запишаните акции е дел од Редовниот Основен капитал на Банката.

5. Номиналната вредност на една акција изнесува 2.650,00 денари, додека вкупната номинална вредност на акциите што се запишуваат изнесува 206.074.600,00 денари.

6. Продажната вредност на една акција изнесува 5.536,00 денари, додека вкупната продажна вредност на акциите што се запишуваат изнесува 430.501.504,00 денари.

7. Една акција чини еден глас.
   Акциите гласат на име.

8. Запишувањето и уплатата на акциите ќе се врши во седиштето на Банката на улица „Орце Николов„ бр. 54 во Скопје, во рок од 15 календарски дена од конечноста на решението за одобрување на емисијата од Комисијата за хартии од вредност.

9. Паричните средства од запишаните акции се уплатуваат во денари на сметката на банката одеднаш.

Сопствениците на обичните акции со право на глас ги имаат следните права:

- право на глас во собранието;
- право на исплата на дел од добивката-дивиденда;
- право на исплата на дел од остатокот на ликвидационата односно стечајната маса на Банката.

Правата и обврските од акциите настануваат од моментот на нивното запишување во Централниот депозитар за хартии од вредност.

10. Банката не поседува приоритетни акции.

11. Издавањето на акциите ќе се врши врз основа на соопштение за издавање акции по пат на приватна понуда што ќе се објави на македонски јазик во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Македонија, првиот ден по конечноста на решението за одобрение за издавање на акции по пат на приватна понуда од Комисијата за хартии од вредност.

12. Охридска банка АД Скопје во рок од 5 (пет) работни дена од завршување на приватната понуда за издавање акции, ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и ќе објави соопштение за јавноста за бројот на запишани и уплатени акции односно за процентот на реализација на приватната понуда на акции.

13. Купувач на акциите од 12-та емисија е институционалниот инвеститор – Банката „Сосиете Женерал„ СА (Societe Generale SA) со седиште во Париз Р.Франција, 29 булевар Осман, 75009 Париз (29, Boulevard Haussmann, 75009 Paris).

14. За се што не е регулирано со оваа Одлука ќе се применуваат одредбите од Статутот на Банката и позитивните законски прописи кои ја регулираат оваа материја.

15. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

СО бр. 0201-77328/3
25.12.2017 г.
Скопје

Собрание на
Охридска банка АД Скопје,
Претседавач

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со предложената Одлука за издавање на акции се утврдува 12-та емисија на акции на Охридска банка АД Скопје, во износ од 430.501.504,00 денари на име обични акции со право на глас
Намената на емисијата е зголемување на акционерскиот капитал на Банката со нови уплати од страна на постоечкиот акционер „Сосиете Женерал„ СА (Societe Generale SA) од Париз Р.Франција, заради одржување на соодветно ниво на стапка на редовен основен капитал и стапка на основен капитал, како и заштитните слоеви на капиталот пропишани со Закон за банки и подзаконската регулатива. Износот на ново запишаните акции е дел од Редовниот Основен капитал на Банката и за нив важат одредбите од точка 14 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот (Службен весник на РМ бр. 218/16).

Со износот на 12-та емисија на обични акции со право на глас Банката ќе го зголеми акционерскиот капитал за 430.501.504,00 денари со што вкупниот број на акции ќе достигне 516.350 обични акции или 1.368.327.500,00 денари акционерскиот капитал по номинална вредност.

Запишувањето и уплатата на акциите ќе се врши на начин и постапка утврдени со Законот за хартии од вредност.